**ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**МИНИСТЕРСТВО ЗА ТРАНСПОРТ И ВРСКИ**
**ДРЖАВЕН ИНСПЕКТОРАТ ЗА ГРАДЕЖНИШТВО И УРБАНИЗАМ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
ДРЖАВЕН ИНСПЕКТОРАТ ЗА ГРАДЕЖНИШТВО
И УРБАНИЗАМ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
Бр. 01-222/1
22.03.2019 год.

# КВАРТАЛЕН ПЛАН ЗА РАБОТА НА ДРЖАВЕН ИНСПЕКТОРАТ ЗА ГРАДЕЖНИШТВО И УРБАНИЗАМ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ЗА ВТОР КВАРТАЛ (01.04 – 30.06) 2019 ГОДИНА

**Март, 2019**

Врз основа на член 15 став (4) од Законот за инспекциски надзор („Службен весник на Република Македонија“ бр.50/2010, 162/2010, 157/2011, 147/2013, 41/2014, 33/15, 193/15, 53/16, 11/18, 83/18 и 120/18) и Правилникот за формата и содржината на Кварталниот план за работа на секој инспектор („Службен весник на Република Македонија“ бр.41/14) Директорот на Државниот инспекторат за градежнишво и урбанизам на Република Македонија донесе:

# КВАРТАЛЕН ПЛАН ЗА РАБОТА ЗА СЕКОЈ ИНСПЕКТОР ВО ДРЖАВНИОТ ИНСПЕКТОРАТ ЗА ГРАДЕЖНИШТВО И УРБАНИЗАМ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ЗА ПРВ КВАРТАЛ (01.01 – 30.06) 2019 ГОДИНА

## Општи одредби

Државниот инспекторат за градежништво и урбанизам на Република Македонија согласно член 128 и член 146 од Законот за градење („Службен весник на Република Македонија“ бр.130/09, 124/10, 18/11, 36/11, 54/11, 59/11, 13/12, 39/12, 144/12, 25/13, 70/13, 79/13, 137/13, и 163/13, 27/14,28/14,42/14, 115/14, 149/14,187/14, 44/15 ,129/15, 217/15 , 226/15, 30/16, 31/16, 39/16, 71/16, 132/16, 35/18, 64/18 и 168/18), спроведува инспекциски надзор врз објекти од прва категорија, кои уредува дека при вршење на инспекцискиот надзор градежниот инспектор е должен да провери дали управните акти издадени врз основа на овој закон се во согласност со истиот и доколку утврдат дека издадените акти се спротивни на овој закон должни се да поднесат писмен предлог до органот кој го донел актот за поништување на истите, како и инспекциски надзор над овластените инспектори во Единиците на локалната самоуправа, кои согласно член 131 став 4 се надлежни за надзор на објекти од втора категорија во кои член е уредено дека градежниот инспектор при вршење на инспекцискиот надзор проверува дали овластениот градежен инспектор ги врши работите согласно овој закон.

Согласно член 88 од Законот за просторно и урбанистичко планирање („Службен весник на Република Македонија“ 199/14, 44/15, 193/15, 31/16, 163/16, 90/17, 64/18 и 168/18) урбанистичкиот инспектор врши инспекциски надзор врз урбанистичко планска документација согласно член 7 став (2) од законот и тоа во зависност од видот на градбата која е предмет на планирање се контролираат следните видови на урбанистичко планска документација и тоа:

- локална урбанистичко - планска документација;
- државна урбанистичко - планска документација;
- урбанистичко - планска документација за туристичко развојна зона;
- урбанистичко - планска документација за автопат;
- урбанистичко - планска документација за градби од посебен интерес и
- инспекциски надзор врз урбанистичко – проектна документација.

Согласно член 88 став (2) од овој закон субјектот на инспекциски надзор е органот кој ја одобрил урбанистичко – планската документација односно урбанистичко – проектната документација.

## I Појдовни основи за подготовка на Кварталнот план за работа за втор квартал

Појдовни основи за подготовка на Кварталниот план за работа за втор квартал се:

- Закон за градење („Службен весник на Република Македонија" бр. 130/09, 124/10, 18/11, 36/11, 54/11, 59/11, 13/12, 39/12, 144/12, 25/13, 70/13, 79/13, 137/13, и 163/13, 27/14,28/14,42/14, 115/14, 149/14,187/14, 44/15, 129/15, 217/15, 226/15, 30/16, 31/16, 39/16, 71/16, 132/16, 35/18, 64/18 и 168/18);
- Закон за просторно и урбанистичко планирање („Службен весник на Република Македонија" бр. 199/14, 44/15, 193/15, 31/16, 163/16, 90/17, 64/18 и 168/18);
- Закон за инспекциски надзор („Службен весник на Република Македонија бр. 50/10, 162/10, 157/11, 147/13, 41/14, 33/15, 193/15, 53/16, 11/18, 83/18 и 120/18);
- Законот за забрана и спречување на вршење на нерегистрирана дејност („Службен весник на Република Македонија" бр.199/14);
- Закон за општа управна постапка („Службен весник на Република Македонија" бр. 124/15) и
- Закон за постапување по претставки и предлози („Службен весник на Република Македонија" бр. 82/08, 13/13 и 156/15).

## II Анализа на очекуваната состојба во областа на инспекцискиот надзор

(1) При анализата на очекуваната состојба на инспекцискиот надзор од аспект на ризиците на неприменување на прописите кои ги спроведува Државниот инспекторат за градежништво и урбанизам на Република Македонија се доаѓа до проценка дека веродостојноста на настанување на ризик е можна, што значи од (20-70)%, бидејки ризикот може да се јави повремено, очекувано или неочекувано во помал или поголем обем.

(2) Најголем ризик за реализација на Кварталниот план за работа за втор квартал и за неприменување на прописите се:

- застарен возен парк (Државниот инспекторат за градежништво и урбанизам на Република Македонија располага со 5 (пет) возила кои се целосно

амортизирани) и 5 (пет) које не се во возна состојба, за кој очекуваме одлука од Владата на РМ за отпишување на истите;

- честите измени на законските и подзаконските акти, немање на пречистен текст на законите;
- потреба од специјализирани обуки за инспектрите за поуспешна реализација на инспекцискиот надзор при инспектирањето и
- слаби административни и оперативни капацитети на Државниот инспекторат за градежништво и урбанизам на Република Македонија за ефективно спроведување на законската регулатива од областа на градежништвото и урбанизмот дефинирани во Стратешкиот план за работа, Годишната програма и Годишниот план за работа на Државниот инспекторат за градежништво и урбанизам на Република Македонија.

(3) Претпоставка дека појавата на ризикот е можна, се базира на статистиките за досегашните извршени инспекциски надзори.

## III Планирани инспекциски надзори по закони и инспектори поединечно

(1) Инспекцискиот надзор во Државниот инспекторат за градежништво и урбанизам на Република Македонија се врши консолидирано од страна на 4 (четири) градежни инспектори, 1 (еден) урбанистички инспектор и 1 (еден) самостоен инспектор. Теренската контрола се планирана да се врши екипирано со две екипи од по 2 (двајца) градежни инспектори и 1 (еден) урбанистички инспектор .

Со цел да се постигне ефикасен инспекциски надзор, истиот се врши како:

- Редовен инспекциски надзор,
- Контролен инспекциски надзор и
- Вонреден инспекциски надзор.

| Ред. Бр | Закони | Број на инспекциски надзор | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | Редовни надзори | Контролни надзори | Вонредни надзори | ВКУПНО |
| 1 | Закон за градење | 12 | 3 | 12 | 27 |
| 2 | Закон за просторно и урбанистичко планирање | 11 | 1 | 2 | 14 |
| | ВКУПНО | 23 | 4 | 14 | 41 |

(2) Планираните инспекциски надзори се направени врз основа на направената споредба со втор квартал во 2017 година и втор квартал во 2018 година.

(3) Планираните инспекциски надзори се во согласност со Годишната програма за работа на Државниот инспекторат за градежништво и урбанизам на Република Македонија за 2019 година.

## IV Критериум за утврдување на ризиците

(1) Во Државниот инспекторат за градежништво и урбанизам на Република Македонија не постои тим за анализа и утврдување на ризикот. Исто така нема пропишани процедури за одредување на критериумот врз основа на кои ќе се утврдат ризичните области и субјектите за извршување на надзор.

(2) Изворите на информирање и податоците за идентификување на ризикот се базираат врз долгогодишното искуство на нашето работење, активностите за утврдување на ризикот се спроведуваат систематски на одреден временски период на предлог за проценка на ризикот.

(3) Во идентификувањто на ризкот дополнителни фактори кои се земаат во предвид се:

- минати недостатоци на субјектот во постигнувањето на целите се:
- честите измени на законските и подзаконските акти, неучество на Инспекторатот во изготвување на истите;
- немање на процедури за вршење на инспекциски надзор и
- фактор на внатрешен ризик е малиот бројот на инспектори кои делува врз процесот за успешно и непречено извршување на инспекцискиот надзор во Инспекторатот.

## V Ризични области

(1) Ризичните области кои ќе бидат предмет на инспекциски надзор во Кварталниот план за работа на Државниот инспекторат за градежништво и урбанизам на Република Македонија за втор квартал за 2019 година кои произлегуваат од законските надлежности се:

- инспекциски надзор над одобренијата за градење, одобренијата за употреба, реконструкција и сл. кои се од значење за Републиката, согласно член 58 став 1 ги издава Министерството за транспорт и врски, согласно член 146 од Закон за градење;
- согласно член 59-д став 1 од Законот за градење примерок од правосилно одобрение се доставува до надлежен градежен инспектор односно до Државен инспекторат за градежништво и урбанизам на Република Македонија кои доставени одобренија ќе бидат предмет на инспекциски надзор;
- за секој извршен редовен инспекциски надзор, доколку се констатираат неправилности, по истекот на рокот за нивно отстранување се врши контролен инспекциски надзор;
- согласно член 88 став 1, член 92 став 1 и став 2 од Законот за просторно и урбанистичко планирање („Службен весник на Република Македонија" бр. 199/14, 44/15, 193/15, 31/16, 163/16, 90/17, 64/18 и 168/18) по службена должност и врз основа на предлог на вршење на инспекциски надзор врши инспекциски надзор врз одобрени урбанистичко-плански и урбанистичко-проектни документации, во кои проверува дали одобрените документации се изработени согласно законските и подзаконските прописи;
- ризик во работењето на Единиците на локалната самоуправа, кои донесени управни акти се во голем број неизвршени односно активни решенија за извршување од кои ги издвојуваме Општините: Карпош, Чаир, Охрид, Струга, Куманово, Струмица, Гостивар (податоци од пресекот на Годишниот извештај за работата на Државниот инспекторат за градежништво и урбанизам на Република Македонија за 2018 година) неможе а да не напоменеме дека во последниот месец од првиот квартал и општината Сарај е предмет на надзор и ќе биде и понатаму до разрешница на актуелниот проблем со дивоградбите и

- одобренија издадени од Единиците на локална самоуправа за градби од втора категорија.

(2) Ризичните области се дефинирани според обемот на прописите, предметот на надзор, времето потребно за вршење на надзорот, висината на глобата која може да се изрече за недостатоците утврдени при надзорот, потребата од соработка со други органи при вршењето на инспекцискиот надзор.

(3) Ризичните области се во согласност со Годишната програма за работа на Државниот инспекторат за градежништво и урбанизам на Република Македонија за 2019 година.

(4) Ризиците поврзани при координација помеѓу Државен инспекторат за градежништво и урбанизам на Република Македонија и другите органи при што дефинирањето на ризичните области се базира на утврдените и очекуваните ризици од досегашните инспекциски надзори врз основа на искуството стекнато од претходниот приод и реализацијата на втор квартал од изминатата година и последните квартали од тековната година.

## VI Број на субјекти на инспекциски надзор

Државниот инспекторат за градежништво и урбанизам на Република Македонија во периодот кој е опфатен во Кварталниот план за работа на Државниот инспекторат за градежнштво и урбанизам на Република Македонија за втор квартал (01.04 – 30.06) 2019 година, ќе изврши вкупно 27 инспекциски надзори од кои: од областа на градежништвото ќе се извршат вкупно 12 редовни инспекциски надзори, 3 контролни инспекциски надзори и 12 вонредни инспекциски надзори и тоа: 18 надзори над објекти од прва категорија согласно член 128 и член 146 од Законот за градење („Службен весник на Република Македонија" бр. 130/09, 124/10, 18/11, 36/11, 54/11, 59/11, 13/12, 39/12, 144/12, 25/13, 70/13, 79/13, 137/13, и 163/13, 27/14,28/14,42/14, 115/14, 149/14,187/14, 44/15 ,129/15, 217/15 , 226/15, 30/16, 31/16, 39/16, 71/16, 132/16, 35/18, 64/18 и 168/18) и 9 инспекциски надзори над работата на овластените градежни инспектори во Единиците на локалната самоуправа, како и 14 инспекциски надзори, од кои 11 редовни инспекциски надзори, 1 контролни и 2 вонредни инспекциски надзор од областа на урбанизмот и тоа на одобрените урбанистичко-плански и урбанистичко-проектни документации врз надлежниот орган кои ги одобрил истите, согласно член 88 став 2 од Законот за просторно и урбанистичко планирање („Службен весник на Република Македонија" бр. 199/14, 44/15, 193/15, 31/16, 163/16, 90/17, 64/18 и 168/18).

## VII План на минимални квантитативни цели

(1) Минималните квантитативни цели се утврдени врз основа на просекот на откриени неправилности во текот на втор квартал во 2017 година и втор квартал во 2018 година.

(2) Планот на минимални квантитативни цели е во согласност со Годишната програма за работа на Државен инспекторат за градежништво и урбанизам на Република Македонија за 2019 година.

## VIII Број на инспектори по вид, звање и вкупно

**Список на инспектори во Државниот инспекторат за градежништво и урбанизам на Република Македонија**

| Ред. бр. | Име | Презиме | Образование | | Вид на инспектор | Назив на работно место | Звање на инспектор | Број на инспекциски надзори | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | Степен | Вид | | | | Април | Мај | Јуни |
| 1 | Виолета | Анчевска Ѓорѓиева | ВСП | 32 | Градежен инспектор | Советник-Градежен инспектор | Советник-инспектор | 3 | 3 | 2 |
| 2 | Златко | Каракашоски | ВСП | 32 | Градежен инспектор | Советник-Градежен инспектор | Советник-инспектор | 3 | 3 | 2 |
| 3 | Душан | Јанев | ВСП | 32 | Градежен инспектор | Советник-Градежен инспектор | Советник-инспектор | 3 | 3 | 2 |
| 4 | Зоранчо | Самарџиски | ВСП | 32 | Градежен инспектор | Советник-Градежен инспектор | Советник-инспектор | 1 | 1 | 1` |
| 5 | Костел | Шекутковски | ВСП | 33 | Урбанистички инспектор | Советник-урбанистички инспектор | Советник-инспектор | 3 | 3 | 2 |
| 6 | Наташа | Мирошниченко Велјановска | ВСП | 33 | Урбанистички Самостоен инспектор | Виш соработник за превземање на активности од областа на урбанизмот | Самостоен инспектор | 2 | 2 | 2 |

## IX Сложеност на инспекциски надзор

По добивање на согласноста за Одлуката за изменување на Одлуката за утврдување на коефициентот на степен на сложеност на инспекцискиот надзор од страна на Инспекцискиот совет бр.01-50/8 од 22.03.2017 година, Државниот инспекторат за градежништво и урбанизам на Република Македонија уврди коефициенти на степенот на сложеност на инспекцискиот надзор со следните вредности по материјалните закони и тоа во зависност од бројот на субјектите кои се предмет на надзор, обемот на прописите, предметот на надзор, времето потребно за вршење на надзор, висината на глобата која може да се изрече за недостатоците утврдени при надзорот, потребата од соработката со други органи при вршење на инспекцискиот надзор.

(1) Степен на сложеност од областа на градежништвото:

- Q1 - со вредност - 1
- Q2 - со вредност - 2
- Q3 - со вредност - 3
- Q4 - со вредност - 4
- Q5 - со вредност - 5
- Q6 - со вредност - 6
- Q7 - со вредност - 7
- Q8 - со вредност - 8

| СТЕПЕН НА СЛОЖЕНОСТ НА ИНСПЕКЦИСКИ НАДЗОР ОД ОБЛАСТА НА ГРАДЕЖНИШТВО | | |
|---|---|---|
| коефициент | вредност на коефициент | КРИТЕРИУМ ЗА СТЕПЕН НА СЛОЖЕНОСТ |
| Q1 | 1 | Записник од извршен инспекциски надзор над работата на овластениот градежен инспектор, известување до градоначалник со задолжување. |
| Q2 | 2 | Записник од извршен инспекциски надзор над работата на овластениот градежен инспектор со изречена прекршочна мерка. |
| Q3 | 3 | Записник од извршен инспекциски надзор на објекти од I категорија без утврдени неправилности. |
| | | Записник од извршен контролен инспекциски надзор на објекти од I категорија. |
| | | Записник од извршен инспекциски надзор на објекти од I категорија по извршено решение. |
| Q4 | 4 | Записник од извршен инспекциски надзор на објекти од I категорија со укажување, едукација при утврдени неправилности. |
| Q5 | 5 | Записник од извршен инспекциски надзор на објекти од I категорија со предлог за поведување на прекршочна постапка. |
| Q6 | 6 | Записник од извршен инспекциски надзор на објекти од I категорија и решение за прекин на градбата (предлог за одземање на лиценца, овластувања). |
| Q7 | 7 | Записник од извршен инспекциски надзор на објекти од I категорија, решение за отстранување и заклучок за дозвола за извршување. |
| Q8 | 8 | Административно извршување,записник и заклучок за надомест на трошоци. |

(2) Степен на сложеност од областа на урбанизмот:

- Q1 - со вредност- 1
- Q2 - со вредност - 2
- Q3 - со вредност - 3
- Q4 - со вредност - 4
- Q5 - со вредност - 5
- Q6 - со вредност - 6

| коефициент | Вредност на коефициент | КРИТЕРИУМ ЗА СТЕПЕН НА СЛОЖЕНОСТ |
|---|---|---|
| Q1 | 1 | Изработка на записник за редовен (вонреден и контролен) урбанистички надзор предвидени во Годишна програма на ДИГУ на Република Македонија при што не се констатирани неправилности донесува заклучок за прекин на постапката. |
| Q2 | 2 | Записник од инспекциски надзор со констатирана состојба за неправилности во постапката на донесување ЛУПД и урбанистичко проектна документација, урбанистичкиот инспектор е должен да донесе Решение со кое ќе го задолжи органот на локалната управа кој ја одобрил истата да ја поништи. Член 92 став (3) |
| | | Записник од инспекциски надзор со констатирана состојба за неправилности во постапката на донесување ДУПД, урбанистичко планска документација(туристичка развојна зона, автокамп и градби со посебен интерес) и урбанистичко проектна документација, урбанистичкиот инспектор е должен да донесе Решение со кое ќе го задолжи органот на државната управа надлежен за вршење на работи од областа на уредување на просторот, кој ја одобрил истата да ја поништи. Член 92 став (3) |
| Q3 | 3 | Решение за поништување на урбанистичко планска документација или урбанистичко проектна документација. |
| Q4 | 4 | Доставување на предлог (со записник за констатација) до органот на државната управа (Министер) надлежен завршење на работите од областа на уредувањето на просторот, за одземање на лиценци на (правното лице кое изработило, изготвило поништената урбанистичка планска и урбанистичко проект на документација како и правно лице потписник на извештај за стручна ревизија на поништената урбанистичка планска и урбанистичко проектна документација). Член 92 став (5) |
| | | Доставување на предлог (со записник за констатација) до Комората за овластени инженери и архитекти, за одземање на овлатувања на (физичко лице кое е планер потписник и потписник на извештај за стручна ревизија на поништената урбанистичка планска и урбанистичко проектна документација). Член 92 став (5) |
| Q5 | 5 | Изрекување на Глоба за прекршок на :<br>1.Правни и физички лица носители на лиценца односно овластување за изработување и ревизија на урбанистички планови.<br>2. Наслужбени и одговорнилица.<br>3. На претседател на Совет на општина.<br>4. На одговорни лица и други субјекти. Спроведување на постапка за порамнување член 95-117 |

| | | |
|---|---|---|
| Q6 | 6 | Ако сторителот на прекршокот не ја плати глобата во предвидениот рок, Државниот инспектор за градежништво и урбанизам на Република Македонија и Државниот управен инспектор ќе поднесе барање за поведување на прекршочна постапка пред надлежен суд. Член 118 став (3). |

## X Планирани инспекциски надзори по инспектор

Планираните инспекциски надзори по инспектор за II Квартален план за работа на инспектор е даден на Табеларен преглед образец бр.1.

- Табеларен преглед на инспекциски надзори за секој инспектор во Државниот инспекторат за градежништво и урбанизам на Република Македонија од областа на градежништвото и урбанизмот.

## XI Начин на следење и оценување на реализацијата на II Квартален план

(1) Следењето и оценувањето на реализацијата на II Квартален план ќе се врши врз основа на реализираните надзори во зависност од степенот на сложеност на реализираните надзори во II Квартален план. Следење на реализацијата на месечните, кварталните планови за работа на секој инспектор поединечно, како и на сите инспектори во целина и врз основа на извештаите на инспекторите за спроведување на кварталните планови.

(2) Индикатори за следење на критериумите за оценување на реализацијата на II Кваралген план се пропишани само во Закнот за инспекциски надзор и не се обработени со подзаконски акти што претставува проблем за оценување на инспекторите.

## XII Завршен дел на II Квартален план

### Надлежноста за постапување и спроведување на II Квартален план

Надлежноста за постапување по Кварталниот план е на сите вработени во Државниот инспекторат за градежништво и урбанизам на Република Македонија.

### Надлежност за предлагање на измени или дополнувања на донесениот II Квартален план

(1) Доколку има потреба од суштинско менување на II Квартален план (Закони, правилници, процедури за работа или сл) по прибавени мислења, толкување на закони, правилници или сл. надлежност за предлагање и измени на донесената програма имаат советниците градежни инспектори и советникот урбанистички инспектор врз основа на нивните мислења и сознанија добиени од теренското инспектирање.

### Надлежност и начин на следење на спроведување на II Квартален план

(1) Директорот на Државниот инспекторат за градежништво и урбанизам на Република Македонија е надлежен за начинот на следење и спроведување на II Квартален план, или во негово отсуство надлежен ќе биде вработениот кој со овластување ќе биде овластен од негова страна.

### Начинот на запознавање на вработените со II Квартaлн план, вклучително и задолжувањето на раководителите да ги запознаат вработените со донесениот II Квартален план во организационите единици со кои раководат

(1) По усвојување на „Кварталниот план за работа на Државниот инспекторат за градежништво и урбанизам на Република Македонија за втор квартал за 2019 година ќе биде доставен до сите вработени по електронски пат и со истиот ќе бидат запознати вработените од страна на Директорот на Државниот инспекторат за градежништво и урбанизам на Република Македонија.

## Одговорност за постапување спротивно на II Квартален план

Доколку вработените во Државниот инспекторат за градежништво и урбанизам на Република Македонија не ги почитуваат одредбите кои произлегуваат од позитивните законски прописи или не постапуваат согласно изработениот Квартален план за работа на Државниот инспекторат за градежништво и урбанизам на Република Македонија за втор квартал за 2019 година.

Директорот на Државниот инспекторат за градежништво и урбанизам на Република Македонија ќе постапи така што:

- ќе изрече усмена опомена на вработениот кој постапува спротивно на позитивните законски прописи или не постапуваат согласно изработениот Квартален план за работа на Државниот инспекторат за градежништво и урбанизам на Република Македонија за втор квартал за 2019 година.

- доколку вработениот и покрај усмената опомена продолжува да постапува спротивно на позитивните законски прописи или не постапуваат согласно изработениот Квартален план за работа на Државниот инспекторат за градежништво и урбанизам на Република Македонија за втор квартал за 2018 година, директорот ќе издаде писмена опомена на вработениот и

- доколку вработениот и покрај горенаведените мерки продолжува да постапува спротивно на позитивните законски прописи или не постапува согласно изработениот Квартален план за работа на Државниот инспекторат за градежништво и урбанизам на Република Македонија за втор квартал за 2019 година, Директорот ќе поведе дисциплинска постапка за дисциплински престап или неуредност (одбива да изврши наредба од непосредно претпоставен).

**Стапување на сила на донесениот Квартален план**

Овој Квартален план влегува во сила по претходно добиената согласност од Инспекцискиот совет.

**Прилози:**

- Табеларен преглед на инспекциски надзори за секој инспектор во Државниот инспекторат за градежништво и урбанизам на Република Македонија од областа на градежништвото и урбанизмот

**в.д Директор**

**Llokman Limani**

Дел бр. 01-222/1

Скопје, 22.03.2019 година

Изработил:

Одобрил:

Согласен:

Изработено во:

Доставено до:

- ........................................ Инспекцискиот совет на Република Македонија
- ........................................ Архивата на Државниот инспекторат за градежништво и урбанизам на Република Македонија

ЕЦ БР.1: ПРЕГЛЕД НА ИНСПЕКЦИСКИ НАДЗОРИ ЗА СЕКОЈ ИНСПЕКТОР ЗА II КВАРТАЛ 2019 ГОДИНА

КЦИСКА СЛУЖБА: Државен инспекторат за градежништво и урбанизам на Република Македонија

| Подтоци за инспекторот | | | | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | Q 1 | | | | | Q 2 | | | | |
| Име | Презиме | Легитимација | Вид | Звање | 1 | 2 | 3 | Σ | Вредност | 1 | 2 | 3 | Σ | Вредност |
| 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 | 8 | 9 | 10 | 11 | 12 | 13 | 14 | 15 | 16 |
| иолета | А.Ѓорѓиева | 002 | 32 | Советник инспектор | 3 | | | 3 | 3 | | | | 0 | 0 |
| латко | Каракашоски | 004 | 32 | Советник инспектор | 3 | | | 3 | 3 | | | | 0 | 0 |
| ушан | Јанев | 006 | 32 | Советник инспектор | 3 | | | 3 | 3 | | | | 0 | 0 |
| оранчо | Самарџиски | 007 | 32 | Советник инспектор | | | | 0 | 0 | | | | 0 | 0 |
| | | | | | | | | | | | | | | |
| остел | Шекутковски | 005 | 33 | Советник инспектор | 7 | | 1 | 8 | 8 | | | | 0 | 0 |
| аташа | Велјаноска | 011 | 33 | Самостоен инспектор | 4 | 1 | 1 | 6 | 6 | | | | 0 | 0 |
| КУПНО | | | | | 20 | 1 | 2 | 23 | | 0 | 0 | 0 | 0 | |

**План на број и сложеност на инспекциски надзори по инспектор**

| Q 3 | | | Q 4 | | | | | Q 5 | | | | | Q 6 | | | | | Q 7 | | | | | Q 8 | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 3 | Σ | Вредност | 1 | 2 | 3 | Σ | Вредност | 1 | 2 | 3 | Σ | Вредност | 1 | 2 | 3 | Σ | Вредност | 1 | 2 | 3 | Σ | Вредност | 1 | 2 | 3 | Σ | Вредност |
| 19 | 20 | 21 | 22 | 23 | 24 | 25 | 26 | 27 | 28 | 29 | 30 | 31 | 32 | 33 | 34 | 35 | 36 | 37 | 38 | 39 | 40 | 41 | 42 | 43 | 44 | 45 | 46 |
| 3 | 5 | 15 | | | | 0 | 0 | | | | 0 | 0 | | | | 0 | 0 | | | | 0 | 0 | | | | 0 | 0 |
| 3 | 5 | 15 | | | | 0 | 0 | | | | 0 | 0 | | | | 0 | 0 | | | | 0 | 0 | | | | 0 | 0 |
| 3 | 5 | 15 | | | | 0 | 0 | | | | 0 | 0 | | | | 0 | 0 | | | | 0 | 0 | | | | 0 | 0 |
| 3 | 3 | 9 | | | | 0 | 0 | | | | 0 | 0 | | | | 0 | 0 | | | | 0 | 0 | | | | 0 | 0 |
| | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | |
| | 0 | 0 | | | | 0 | 0 | | | | 0 | 0 | | | | 0 | 0 | | | | | | | | | | |
| | 0 | 0 | | | | 0 | 0 | | | | 0 | 0 | | | | 0 | 0 | | | | | | | | | | |
| 12 | 18 | | 0 | 0 | 0 | 0 | | 0 | 0 | 0 | 0 | | 0 | 0 | 0 | 0 | | 0 | 0 | 0 | 0 | | 0 | 0 | 0 | 0 | |

| Вкупно | | | | Инспекторски мерки по инспектор | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 2 | 3 | Σ | Вредност | Решенија | Едукации | Мандатни | Порамнување | Прекршочни | Кривични | Σ |
| 93 | 94 | 95 | 96 | 97 | 98 | 99 | 100 | 101 | 102 | 103 |
| 1 | 3 | 8 | 18 | | | | | | | 0 |
| 1 | 3 | 8 | 18 | | | | | | | 0 |
| 1 | 3 | 8 | 18 | | | | | | | 0 |
| 0 | 3 | 3 | 9 | | | | | | | 0 |
| | | | | | | | | | | |
| 0 | 1 | 8 | 8 | | | | | | | 0 |
| 1 | 1 | 6 | 6 | | | | | | | 0 |
| 4 | 14 | 41 | | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |

| Вкупно | | | | Инспекторски мерки по инспектор | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 2 | 3 | Σ | Вредност | Решенија | Едукации | Мандатни | Порамнување | Прекршочни | Кривични | Σ |
| 93 | 94 | 95 | 96 | 97 | 98 | 99 | 100 | 101 | 102 | 103 |
| 1 | 3 | 8 | 18 | | | | | | | 0 |
| 1 | 3 | 8 | 18 | | | | | | | 0 |
| 1 | 3 | 8 | 18 | | | | | | | 0 |
| 0 | 3 | 3 | 9 | | | | | | | 0 |
| | | | | | | | | | | |
| 0 | 1 | 8 | 8 | | | | | | | 0 |
| 1 | 1 | 6 | 6 | | | | | | | 0 |
| 4 | 14 | 41 | | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |

| Вкупно | | | | Инспекторски мерки по инспектор | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 2 | 3 | Σ | Вредност | Решенија | Едукации | Мандатни | Порамнување | Прекршочни | Кривични | Σ |
| 93 | 94 | 95 | 96 | 97 | 98 | 99 | 100 | 101 | 102 | 103 |
| 1 | 3 | 8 | 18 | | | | | | | 0 |
| 1 | 3 | 8 | 18 | | | | | | | 0 |
| 1 | 3 | 8 | 18 | | | | | | | 0 |
| 0 | 3 | 3 | 9 | | | | | | | 0 |
| | | | | | | | | | | |
| 0 | 1 | 8 | 8 | | | | | | | 0 |
| 1 | 1 | 6 | 6 | | | | | | | 0 |
| 4 | 14 | 41 | | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |